**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

# СООПШТЕНИЕ
## за упис на ученици во основните училишта

Врз основа на член 60 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/2019) и член 3-б од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот на основно образование во вонредна состојба (Сл.весник на РСМ бр. 116/2020), основното образование е задолжително за сите деца од шест до петнаесет години, трае девет години и се организира во три периоди.

ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ дека уписот е задолжителен за децата кои до крајот на декември 2020 година ќе наполнат 6 (шест) години, односно задолжително за сите деца родени во текот на 2014 година и за оние кои сакаат за деца родени во текот на јануари 2015 година.

Уписот ќе се врши до 01 до 30 јуни 2020 година во основните училишта во општината, со целосно почитување на реонизацијата на училиштата и живеалиштето на децата.

Родителите се должни при уписот, да достават извод од матичната книга на родените за детето, потврда за применените задолжителни вакцини за детето, издадени од надлежна здравствена установа и потврда за извршен систематски преглед на забите, издадена од стоматолог.

Заради запазување на мерките за спречување на ширење на пандемија, родителите задолжително закажуваат прием во основните училишта на следниве телефонски броеви:

- ООУ “Крсте Мисирков“-Гевгелија 078/447-373
- ООУ “Владо Кантарџиев“-Гевгелија 070/624-311
- ООУ “Климет Охридски“-Миравци 071/367-717
- ООУ “Ристо Шуклев“-Негорци 075/260-839

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Општинска администрација**

Бр.14-788/2
18.05.2020 год.
Гевгелија